РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ
Примено: 24.09.2013
Орг. единица 07 | Број 12/2013 | Прилог | Вредност

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **кларинет** за шесто одделение на шестгодишното основно музичко и балетско образование.

## НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# КЛАРИНЕТ

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

**ВОВЕД**

Во шестгодишното основно музичко училиште на инструментот кларинет може да се запишат ученици кои наполниле од 8 до 10 години.

Целта на наставата по кларинет е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментот кларинет . Наставната програма за кларинет е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот на учебната година секој ученик полага годишен испит.

- **Неделниот фонд** е 2 часа, односно годишниот фонд е 72 часа.
- **Статус на предметот:** задолжителен

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО КЛАРИНЕТ ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

-да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
-да развива способност за следење интонација од инструмент;
-да развива музичка меморија;
-да развива способност за развивање брзина во изведба на сложени технички елементи;
-да развива способност за развивање на различни техники на артикулација;
-да употребува различна артикулација во изведба на скалите и техничките вежби;
-да развива способност за изведба на скалите и композициите во побрзо темпо;
-да покажува интерес - желба за изведување на јавни настапи, како солистички, камерно, така и со пијано придржба;
-да развие способност да ги изведува композициите со пијано придружба;
-да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
-да развива способност за обликување и водење на тонот;
-да ја совладува употребата на вибрато во изведба на композициите;
-да ја совладува техниката на дишење со помош на дијафрагма;
-да зазема правилно држење на телото при свирењето;
-да ја запознава техниката на свирење скали во опсег на кларинетот од е мало до Г 3;
-да ја развива техниката на изведување атака;
-да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;
-да ја развива способноста за свирење на различните техники на артикулација: легато, стакато портато и др.;
-да го негува чувството за метро-ритмичка пулсација и темпо;
-да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
-да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
-да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
-да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
-да развива чувство за ритам;
-да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
-да знае да репродуцира нотен текст (ритмички и мелодиски);
-да развива интерес кон инструментот и музиката;
-да придонесува за развивање на музичката меморија;
-да ја развие способноста да ги изведува скалите и композициите во побрзо темпо;
-да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
-да развива чувство за музичка изразност.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема I: СКАЛИ ( 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да развива способност за развивање на различни техники на артикулација;<br>-да презентира легато, стакато и дупли јазик на зададените скали;<br>-да ги препознава тоновите во дадените скали;<br>-да ги демонстрира скалите технички правилно;<br>-да ги презентира скалите до четири предзнаци;<br>-да ги презентира разложено трозвуците и четворозвуците на соодветните скали;<br>- да ги презентира скалите со шеснаестини ноти;<br>-да презентира хроматска скала;<br>-даги презентира скалите во терци;<br>-да ги презентира скалите во побрзо темпо;<br>-да ги презентира трозвуците, четворозвуците на соодветните скали со различен вид на артикулација; | C-Dur / a-moll<br><br>G-Dur / e-moll<br><br>D-Dur / h-moll<br><br>A-Dur / fis-moll<br><br>E-dur/cis-moll<br><br>F-Dur / d-moll<br><br>B-Dur / g-moll<br><br>Es-Dur / c-moll<br><br>As-dur/f-moll | - Дурска скала<br><br>- Молска скала<br><br>- Хроматска скала<br><br>Свирење интервали -терци<br><br>Трозвук-разложен<br><br>Доминантен четворозвук-разложен<br><br>Намален четворозвук – разложен | **Активност 1**<br>Употреба на скалите во целиот опсег на саксофонот од е мало до Г 3.<br>**Активност 2**<br>Користење на скалите по следниот редослед: скала, разложена скала, трозвук, разложен трозвук, четворозвук разложен четворозвук терци.<br>**Активност 3**<br>Употреба на правилниот прстоцред за одделни тонови во некои скали.<br>**Активност 4**<br>Во дурските скали се користи доминантен четворозвук,а во молските намален четворозвук на седмо стапало.<br>**Активност 5**<br>Од молските скали се користат само хармонските молски скали.<br>**Активност 6**<br>Употреба на различна артикулација и различна метрика.<br>**Активност 7**<br>Употреба на хроматска скала.<br>**Активност 8**<br>Употреба на метроном за ритмички попрецизна презентација на скалите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги презентира сите трозвуци и четворозвуци во целиот опсег на инструментот;<br>- зададените скали да ги изведува напамет;<br>-да ги презентира скалите со различна артикулација;<br>-да ги презентира скалите во различна метрика ( 2/4, 3/4). | | | **Методи:**<br><br>- Метод на демонстрација<br>- Метод на објаснување<br>- Дијалошки метод |

| Тема II: Технички вежби ( 25 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да развива способност за развивање брзина во изведба на сложени технички елементи;<br>- да развива способност за изведба на техничките вежби во побрзо темпо;<br>- да ги препознава и употребува различните техники на артикулација;<br>-да го демонстрира правилно нотниот текст;<br>-да го негува чувството за метро - ритмичка пулсација и темпо;<br>-да ги презентира вежбите во побрзо темпо;<br>-да развива брзина во изведба на шеснаестините;<br>- да демонстрира свирење на вежби со различни нотни вредности;<br>-да издржува тонови со подолги нотни вредности;<br>-да изведува вежби со вибрато;<br>-да ја користи дијафрагмата за водење и обликување на тонот. | - Водење на тоновите до трета октава<br>- Правилно вежбање и користење на динамички вредности-*p,f* крешендо и декрешендо<br>- Правилно користење на дијафрагма заедно со техничката вежба<br>-Користење на стакато и дупли јазик | - Дијафрагма<br>- Стакато<br>- Легато<br>- Дупли јазик<br>- Метрика<br>- Вибрато<br>-Ритмика | **Активност 1**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација.<br><br>**Активност 2**<br>Употреба на дијафрагма како средство за обликување на тонот<br><br>**Активност 3**<br>Употреба на вибрато како средство за обликување на бојата на тонот.<br><br>**Активност 4**<br>Развивање брзина во изведба на сложени технички елементи.<br><br>**Активност 5**<br>Користење на метроном.<br><br>**Активност 6**<br>Употреба на правилниот прсторед за одделни тонови во зададените вежби.<br><br>- Метод на демонстрација<br>- Метод на објаснување<br>- Дијалошки метод |

| Тема III: ЕТИДИ ( 25 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги демонстрира зададените етиди во даденото темпо;<br>-да го негува чувството за метроритмичка пулсација;<br>- да го препознава и демонстрира зададениот текст;<br>- да ја препознава интонацијата;<br>- да развива техника на свирење на инструментот и свирење на различни нотни вредности;<br>-да го негува чувството за метроритмичка пулсација;<br>-да ја користи дијафрагмата за водење и обликување на тонот;<br>- да се приспособува за контролата на дишењето. | - Технички етиди-етиди за развивање на техника и синхронизација на прсти и јазик<br>- Концертни етиди-етиди кои што ќе допринесат за развивање на динамиката, агогиката и фразирањето на една композиција | Етиди<br><br>Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Динамика<br><br>Темпо<br><br>Ритам | **Активност 1**<br>Користење на етиди со различен карактер.<br><br>**Активност 2**<br>Употреба на правилниот прсторед за одделни тонови во зададените етиди.<br><br>**Активност 3**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација во етидите.<br><br>**Активност 4**<br>Водење и обликување на тонот преку користење на дијафрагма.<br><br>**Активност 5**<br>Фразирање –преку самостојна изведба.<br><br>**Активност 6**<br>Слушање етиди.<br><br>**Активност 7**<br>Користење на метроном.<br><br>- Метод на демонстрација<br>- Метод на објаснување<br>- Дијалошки метод |

| **Тема IV: Композиции со придружба на пијано ( 10 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Учениикот/ученичката:<br>-да ја совладува употребата на вибрато во изведба на композициите;<br>-да развива способност за обликување и водење на тонот;<br>- да ја препознава содржината на композијата;<br>- да го демонстрира правилно нотниот текст;<br>- да ги разликува формите на зададените композиции;<br>-да ја користи дијафрагмата за водење и обликување на тонот;<br>-да ги демонстрира композициите напамет за развивање на музичката меморија;<br>-да го презентира уметничкиот израз при интерпретацијата на музичкото дело;<br>-да ги разликува различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да демонстрира прецизност при изведбата на зададените композиции; | - Интонација<br><br>- Примена на композициите со пијано придружба | Корепетиција<br><br>Пијано | **Активност 1**<br>Анализа на композицијата.<br><br>**Активност 2**<br>Користење на композиции со различен карактер.<br><br>**Активност 3**<br>Користење на композиции од различни епохи.<br><br>**Активност 4**<br>Меморирање на композициите.<br><br>**Активност 5**<br>Обликување и водење на тонот.<br><br>**Активност 6**<br>Употреба на вибрато во изведба на композициите.<br><br>**Активност 7**<br>Посета на концерти.<br><br>**Активност 8**<br>Учество на концерти и натпревари.<br><br>**Активност 9**<br>Проба со пијано придружба.<br><br>- Метод на демонстрација<br>- Метод на објаснување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да демонстрира способнос за слушање на пиајното и заедничко музицирање со израз, фразирање. | | | - Дијалошки метод |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со оглед на возраста на учениците, часовите по кларинет треба да вклучуваат различни видови на музички активности. Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класичната музика, музика од други стилови и жанрови) и снимена, за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини, а притоа да се негува чувството за метро-ритмичка пулсација.
Обработка на композициите коишто се свират на часовите: хармонија, солфеж, музички форми итн. Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање со чувствување на ритамот.
За посликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање треба да се применува пеење на нотниот текст. Се препорачува посета на концерти во текстот на целата учебна година, како и слушање на разновидна музика, а особено на композициите кои ќе се исполнуваат.

**Тема I:** СКАЛИ -12 часа
**Тема II:** ТЕХНИЧКИ ВЕЖБИ - 25 часа
**Тема III:** ЕТИДИ - 25 часа
**Тема IV:** КОМПОЗИЦИИ СО ПРИДРУЖБА НА ПИЈАНО - 10 часа

**НАСТАВНИ СРЕДСТВА:**

- инструмент;
- учебници;
- Интернет;
- аудио - визуелни средства.

**ЛИТЕРАТУРА:**

**ЕТИДИ И ТЕХНИЧКИ ВЕЖБИ**

Бруно Брун – Етиди книга III до крај
Видеман - Етиди книга III до крај
П.Вестон - Прогресивни етиди книга II
Р.Кицер - Етиди книга IV
Демниц - Етиди книга II

**КОМПОЗИЦИИ СО ПРИДРУЖБА НА ПИЈАНО И СОЛО - КОМПОЗИЦИИ:**

Бруно Брун – Мали композиции
Р. Клерис – Пасторала
Е. Боца – Сицилиана
К. Штамиц – Концерт за кларинет
Ф. Крамер-концерт за кларинет
Џ. Џоплин – Забавувач
Ф. Данци – Соната
Б. Барток - Соната

Наставникот може да ја зголеми програмата во зависност од потребите на ученикот/ученичката.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од секое полугодие се организира јавен час отворен за родителите и другите наставници на кој учениците би имале можност да ги претставаат активностите застапени во текот на учебната година и своите постигања.

Се препорачува активно учество на државни и меѓународни натпревари, како и посета на семинари и работилници.

**На крајот на учебната година ученикот полага испит со следнава програма:**

**скали:** две скали (дурска и молска) разложено со трозвук и четворозвук;
**етиди:** две етиди од наведената литература, со различен карактер (една мелодиска, една техничка);
**композиции:** една композиција по слободен избор.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Целите и задачите на наставнот предмет калринет ќе се реализираат во кабинет за индивидуална настава, опремен со потребните наставни и нагледни средства, според нормативот за музичко училиште.

## 6. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- има развиен интерес кон инструментот и музиката;
- има развиено чувство за музичка изразност;
- има развиено музичка меморија;
- користи правилно држење на телото при свирењето;
- има развионо синхронизација на прстите, јазикот и дишењето;
- има развионо способност за свирење на различните техники на артикулација: легато, стакато, портато и др.;
- покажува интерес - желба за изведување на јавни настапи, како солистички, камерно, така и со пијано придржба.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по калринет за шесто одделение на основното уметничко (музичко и балетско) образование може да ја изведува лице кое завршило:
- факултет за музичка уметност- вокално-инструментален оддел, насока калринет, степен VII/1.
Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**Изготвил:** Работна група формирана со решение број 02-347/1 од 19.02.2013 година

**Координатор:** м-р Анкица Витанова, советник, Биро за развој на образованието

**Контролирал:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор

**Одобрил**: м-р Весна Хорватовиќ, директор

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Наставната програма по **кларинет** за шесто одделение на шестгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4994/1
17 09 20 13 год.
СКОПЈЕ

на ден ____________________

Скопје

Министер,

____________________

Спиро Ристовски